**Република Северна Македонија:**
**Заклучок на тимот – мисија во врска со членот IV, 2019 година**

18 ноември 2019 г.

Заклучната изјава ги опишува првичните наоди на тимот на ММФ на крајот од официјалната посета (мисијата) на, во повеќето случаи, земјата членка. Мисијата се организира во рамките на редовните (најчесто годишни) консултации согласно членот IV од Договорот со ММФ во контекст на барањето за користење на ресурсите на ММФ (позајмување од ММФ), како дел од дискусиите за програми кои се набљудувани од тимот од ММФ или како дел од друг нивен мониторинг на економскиот развој.

Властите се согласија оваа изјава да биде објавена. Ставовите изразени во оваа изјава се ставови на тимот на ММФ и тие не секогаш ги претставуваат ставовите на Извршниот одбор на ММФ. Врз основа на првичните наоди од оваа мисија, тимот на ММФ ќе изготви извештај кој откако ќе биде одобрен од страна на менаџментот, ќе биде презентиран до Извршниот одбор на ММФ за дискусија и одлучување.

**Со силна посветеност, властите повторно го оживеаја моментумот на реформи во последниве години.** Клучните институционални реформи, како и оние од областа на управувањето, ја покажаа нивната посветеност за справување со долгорочните предизвици. Уште повеќе, зајакнати се рамките за пензиски и социјални трошења, додека оданочувањето беше направено поправично, со што се подобрува одржливоста на јавните финансии. Со овие активности, властите стекнаа значителен кредибилитет на политиките и економијата повторно се опорави.

**Од суштинско значење е да се остане на патот на реформата со цел дополнително да се зајакне отпорноста на економијата на шокови и трајно да се зголеми нивото на приходите.** Ова ќе помогне во одржувањето на кредибилитетот на политиките. Мисијата на ММФ препорача да се искористи овој период на солиден раст за да се обнови фискалниот простор, со цел да се зајакне способноста на економијата да се справува со идни шокови. Во овој контекст, плановите за модифицирање на елементи од неодамнешните фискални реформи би можеле да поткопаат некои од придобивките кои веќе биле остварени. Одејќи напред, зголемувањето на поголемата еднаквост на приходите и подобрувањето на животниот стандард ќе бара микс од фискална политика која е насочена кон раст и непоколеблива посветеност кон амбициозната агенда за структурни реформи.

## *Забрзување на изедначувањето на нивоата на приходи и подобрување на животниот стандард*

**По долготрајната политичка криза, економијата влезе во период на солиден раст и стабилност.** По привременото забавување во 2017 година, растот повторно се опорави во 2018 година и се очекува дополнително да се зајакнува во текот на оваа година, придвижуван од силната домашна побарувачка и солидниот раст на извозот, и покрај забавувањето на меѓународната трговија. Кредитната активност се зголеми , вклучително и кредитите наменети за компаниите, а инфлацијата остана на ниско ниво. Невработеноста, иако и понатаму висока, покажува одржливо намалување, поддржано од значителното креирање на нови работни места.

**Растот се очекува да се забрза до 3,4% во 2020 година, што е одраз на привременото поттикнување од Буџетот за 2020 година и на повисоките плати.** Пониските даноци и повисоките пензии и плати (вклучително и во јавниот сектор и минималните плати) се очекува да бидат дополнителен, иако еднократен, стимул за потрошувачката. Растот на извозот и инвестициите ќе остане солиден, иако ќе забави, што е одраз на слабиот раст кај трговските партнери. Ова забавување би можело да стане поизразено доколку се влошат трговските тензии на глобално ниво или доколку се одложат инвестициските планови поради неизвесноста во текот на изборниот период.

**Реформите за адресирање на клучните институционални и слабостите на пазарот на труд ќе помогнат во подигнување на среднорочниот раст и забрзување на изедначувањето на приходите.** Иако во последниве две децении растот беше солиден, истиот не беше доволен за да може значително да го стесни големиот јаз во доходот помеѓу ЕУ и Северна Македонија. За да се забрза изедначувањето на приходите, од суштинска важност е да се продолжи со реформите за подобрување на јавната администрација, владеењето на правото и контролата врз корупцијата. Ова би требало да се надополни со напори во насока на создавање физички капитал со оглед на инфраструктурните јазови како и за зајакнување на човечкиот капитал со цел адресирање на недостатокот и несоодветноста на вештините, вклучително и преку стручно образование и обука и поголемо користење на активни политики на пазарот на труд со кои се подобруваат вештините. Повисоките нивоа на приходи, подобрите можности за вработување и посилните институции веројатно е дека исто така ќе помогнат да се задржат вештите работници во државата.

**Предвидено е минималната плата да се зголемува брзо, во споредба со продуктивноста на трудот.** Нето минималната плата кумулативно ќе се зголеми за 45%, сметано од 2017 година. Таа ќе порасне до над 50% од просечната плата, што е високо според регионалните стандарди. Повисока минимална плата може да помогне во намалувањето на сиромаштијата кај вработените. Сепак, застапеноста на сиромаштијата е многу поголема кај оние кои се невработени. Поради тоа, зголемувањето на минималната плата можеби нема да биде ефективно во намалувањето на сиромаштијата, особено доколку тоа делува кон намалување на

формалното вработување. Мисијата на ММФ препорача да се зачува конкурентноста преку тесно усогласување на минималната плата со продуктивноста, притоа осигурувајќи целосно спроведување .

### *Обезбедување на микс на фискална политика насочен кон растот*

**Тимот на ММФ очекува фискалната позиција во 2020 година да биде порелаксирана.** На страната на трошењето, предлог Буџетот за 2020 година предвидува дополнително зголемување на пензиските надоместоци кое е поврзано со растот на платите, преку менување на CPI индексацијата усвоена во 2018 година. Веќе имплементираната мерка за поврат на ДДВ („Мој ДДВ") - наменета за подобрување на наплатата на приходите- ќе придонесе за зголемување на трошоците. Предложеното одложување на прогресивниот  персонален данок на доход и данокот на капитални добивки ќе го забави растот на приходите. Истовремено, повисоките придонеси за социјално осигурување ќе генерираат дополнителни приходи. Прелиминарно, тимот проектира фискалниот дефицит да се прошири до 2,5% од БДП во 2020 година, од сегашните 1,8% во 2019 година.

**Имајќи го предвид солидниот раст, мисијата препорачува повторно да се изгради простор за фискална политика.** Кумулативното консолидирање за 1,5% од БДП во периодот 2020-2022, во споредба со основните проекции на мисијата, би довело до врамнотежено примарно буџетско салдо и ќе осигура простор за фискалната политика да реагира во случај на пад на економијата. Консолидацијата би требало да се оствари преку стабилна имплементација на веќе одобрените реформи кај пензиите и персоналниот данок на доход, како и подобреното управување со приходите и рационализацијата на земјоделските субвенции. Овие мерки исто така ќе отворат простор во Буџетот за зголемување на капиталните расходи колку што е потребно, со цел да се намали инвестицискиот јаз.

**Пренасочувањето на јавното трошење кон инвестициите би ги зајакнало изгледите за среднорочен раст.** Предложеното зголемување на тековните трошења веројатно ќе го намалил обемот на суштинските јавни инвестиции. Имајќи ги предвид големите потреби од инвестиции на државата, мисијата препорача да се направи пренасочување на јавното трошење кон инвестициите. Ова би требало да биде поткрепено со мерки за зајакнување на рамката за управување со јавните инвестиции, вклучително и подобро дефинирање на приоритетите и справување со тесните грла при извршувањето на планираните проекти. За да се обезбеди заштита од фискални ризици кои произлегуваат од јавно-приватни партнерства, мисијата препорача да се почека со одобрување на нови проекти додека не биде воспоставана зајакната рамка.

**Реформите со цел справување со неформалниот сектор ќе помогнат во подобрување на деловната клима и ќе ги заштитат работниците, а исто така ќе имаат и потенцијално големи придобивки во смисла на приходи.** Ова прашање

е високо на агендата на Владата. Неформалната екомомија е штетна затоа што формалните бизниси се соочуваат со нелојална конкуренција од страна на оние кои не плаќаат даноци или не се усогласени со регулативите, работниците во неформалниот сектор се лишени од многу од работничките права, а јавните ресурси се намалени. Приоритет треба да биде зајакнување на ефикасноста на управување со приходите како и на правната усогласеност, во комбинација со мерки со кои се зголемува довербата на јавноста во институциите и се јакне даночниот морал.

### *Поттикнување на монетарната и финансиска стабилност*

**Поставеноста на монетарната политика останува соодветна.** Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) соодветно ги искористи поволните услови за да акумулира девизни резерви во рамки на стратегијата на де-факто фиксен девизен курс. Иако показателите за покриеноста со девизни резерви во голема мера се адекватни, тие треба да продолжат да градат простор за заштита од евентуални шокови. Перспективно, ако дојде до влошување на надворешното окружување, Народната банка треба да биде подготвена за затегање на монетарната политика.

**Банкарскиот систем е здрав, но потребни се напори за дополнително ублажување на кредитниот ризик.** Банкарскиот систем е добро капитализиран и ликвиден. Двете тековни спојувања и преземања на банки ќе помогнат во консолидирањето на системот и во подобрувањето на ефикасноста. Преземањето чекори за дополнително золемување на депозитите во денари, во комбинација со внимателно калибрирани мерки за намалување на кредитите на домаќинствата во девизи, ако е потребно, ќе помогне во зајакнувањето на отпорноста на финансискиот систем. Имајќи го предвид континуираниот висок раст на кредити за домаќинствата, потребно е внимателно следење, како и прибирање на грануларни податоци за домаќинствата.

**Дополнителното зајакнување на рамката за финансиска стабилност останува приоритет.** Согласно препораките од Програмата за оцена на финансискиот сектор од 2018 година, властите започнаа да ја зајакнуваат супервизорската и регулаторна рамка, вклучително и со зајакнување на обврските за известување на банките за ликвидносниот ризик и со зголемување на интензитетот на супервизијата за домашните банки кои се системски важни. Во подготовка е законска регулатива за зајакнување на макопрудентниот мандат на НБРСМ, како и подобра идентификација на системскиот ризик. Потребен е дополнителен напредок во однос на мрежата за финансиска безбедност, со воведување на сеопфатна рамка за решавање на банки и зајакнување на шемата за осигурување на депозитите.

*Тимот сака да ја изрази својата благодарност до властите и до сите останати за нивното гостопримство и за конструктивниот дијалог.*